**Известување за концентрација помеѓу БИГ Енергиа Холдингс Кфт., Унгарија и Скај Солар ДОО, Република Северна Македонија (предмет бр. 08-154/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 21.11.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на БИГ Енергиа Холдингс Кфт., со седиште на 1055 Будимпешта, ул. Марко 7.6 кат8, Унгарија над Скај Солар ДОО, Скопје со седиште на ул.Иван Аговски бр.11/1-10 Скопје Република Северна Македонија

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

БИГ Енергиа Холдингс Кфт., е во 100% сопственост на БИГ Схоппинг центерс Лтд, кој е холдинг на компании, претежно во дејноста на недвижности со активности во САД, Израел, србија, Црна Гора и Франција. БИГ Схоппинг центерс Лтд е лидер во изградба и развој на концептот на трговски центри на отворено во Израел, и пошироко.Во изминатите години БИГ Схоппинг центерс Лтд и БИГ Енергиа Холдингс Кфт., инвестираат во секторот на електрична енергија.

БИГ Енергиа Холдингс Кфт., ги има следните друштва во Република Северна Македонија:

БИГ МЕГА Македонија –Штип Солар Оне ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр.40 кат5 лок.8 Скопје, Република Северна Македонија, регистрирано на 12,10.2022 со основна дејност производство на електрична енергија, кое е во фаза на развој на централа за производство на електрична енергија од соларни панели – фотоволтаици.

БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со седиште на ул. Ќемал Сејфула бр.7Б Скопје , Република Северна Македонија,

ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје, со седиште на бул.АСНОМ бр.72-1/3, Скопје, Република Северна Македонија,

БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје и ЧАШИЦА СОЛАР ДОО не се активни на пазарот, односно се во фаза на развој на проектот за изградба и обезбедување на сите потребни лиценци за централа за производство на електрична енергија од соларни панели – фотоволтаици.

Скај Солар е во фаза на развој на проектот за изградба и обезбедување на сите потребни лиценци за централа за производство на електрична енергија од соларни панели – фотоволтаици.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари, за целите на оценка на концентрацијата, може да се дефинират: ***пазар за фиксна телефонија, пазар за фиксен широкопојасен пристап до интернет*** и***) пазар за дистрибуција на медиумски содржини***, сите на ниво на продажба на мало.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.11.2022 година
Скопје